ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1722/1
10-06-2025

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 19-та седница одржана на ден 02.06.2025 година донесе

***Одлука***

Постапката по предмет со бр.08-1986/1 од 19.07.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со бр.08-1986/1 од 19.07.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со бр.08-1986/1 од 19.07.2024 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето ________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата ___________ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК на ____________ му издаде прекршочен платен налог со бр.08-1986/3 од 30.07.2024 година за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а казнив по член 109 од истиот Закон.

Истиот на ден 07.08.2024 година ја платил глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик Претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

**Изготвил:** м-р А.А.Т., советник

**Контролирал:** м-р Н.Т-М, Раководител на одделение

**Согласен:** К.З, Раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk